РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-3081/1
22.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 15 и член 96 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 75-г, член 76-в ставови 8, 9 и 10 и член 76-д ставови 8 и 9 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), согласно Заклучокот бр. 02-3005/8 од 21.07.2025 година, Советот на Агенцијата на својата 5-та седница одржана на 21.07.2025 година, донесе

# НАЦРТ – УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ЕМИТУВАНО ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ

## Член 1

Со ова Упатство се врши изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање арх.бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година (во натамошниот текст: Упатството).

## Член 2

Во Упатството преамбулата се менува и гласи:

„Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 15 и член 96 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 75-г, член 76-в ставови 8, 9 и 10 и член 76-д ставови 8 и 9 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), согласно Заклучокот бр. ----- од --.--.2025 година, Советот на Агенцијата на својата 5-та седница одржана на 21.07.2025 година, донесе"

## Член 3

Во глава „I. ОПШТИ ОДРЕДБИ" од Упатството, се вршат следните измени и дополнувања:

- ставот 4 се менува и гласи: *„Трошоците за објавеното платено политичко рекламирање ги*

*исплаќа Државната изборна комисија (ДИК), врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати.";*

- во ставот 5 по зборовите: „реализирани услуги." се додаваат зборовите: *„Медиа плановите и извештајот за реализирани услуги се поднесуваат на обрасци пропишани, донесени и објавени од ДИК."*

**Член 4**

Во глава „II. ИНФОРМИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ" од Упатството се вршат следните измени и дополнувања:

- во насловот на главата II зборовите „за склучени договори" се бришат;

- ставот 3 се менува и гласи: *"Радиодифузерите што ќе склучат договори за ППР, во текот на изборната кампања и во првиот круг и во вториот круг (доколку се одржува), до Агенцијата треба да доставуваат дневни медиа планови за рекламирањето на секој од учесниците во изборната кампања со кого имаат склучено договори за ППР. По завршување на изборната кампања и во првиот круг и во вториот круг (доколку се одржува) треба да достават збирен медиа план, за сите денови од изборната кампања, за секој од учесниците во изборната кампања со кого имаат склучено договори за ППР. Медиа плановите се доставуваат: исклучиво на обрасците пропишани, донесени и објавени од ДИК; најдоцна во рок од два дена по нивната реализација, односно откако планот ќе биде усогласен со реалното емитување на рекламирањето; како Excel фајлови во нескенирана форма; а секој од Excel фајловите треба да го содржи името на медиумот, датумот и нарачателот на кој се однесува."*

**Член 5**

Во глава „III. ДОСТАВУВАЊЕ СНИМКИ ОД ПРОГРАМАТА" од Упатството се вршат следните измени и дополнувања:

- ставовите 2, 3, 4 и 5 се бришат;

- по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи: *„Во согласност со законските обврски на радиодифузерите за снимање на излезниот сигнал од програмата и за достава на снимките и други податоци до Агенцијата, како и со капацитетот на системот за мониторинг на Агенцијата, дел од радиодифузерите, за деновите од изборната кампања ќе треба да доставуваат снимки од својата програма, од реалните часови во кои ќе емитуваат ППР. Снимките ќе ги прикачуваат директно на FTP сервер креиран од Агенцијата, најдоцна два дена по емитувањето, а за линкот преку кој ќе може да се пристапи до серверот, корисничките имиња и упатството за користење на апликацијата ќе бидат навреме известени преку електронска пошта."*

**Член 6**

Во глава „IV. ФОРМАТ НА СНИМКИТЕ" од Упатството ставот 4 се брише.

Ставот 5 станува став 4.

**Член 7**

Во глава „V. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ" од Упатството, ставот 2 се менува и гласи:

*„Извештај за реализирани услуги се доставува за секој учесник во изборите со кого бил склучен договор за емитување ППР, исклучиво на образецот пропишан, донесен и објавен од ДИК.“*

**Член 8**

Во глава „VI. ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ“ од Упатството, ставот 3 се менува и гласи: „*Агенцијата ќе издаде потврди за секој од доставените извештаи и ќе ги достави до радиодифузерот по електронска пошта*“.

**Член 9**

Во останатиот дел Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање не се менува.

**Член 10**

Ова Упатство за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

__________________________

**м-р Сашо Стефановски**